**Известување за постоење на конфликт на интерес**

Акционерот Панде Самарџиоска од Прилеп, врз основа на член 392-а став 4 од Законот за трговските друштва, како акционер во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, ул„Цане Кузманоски“ бр. 1 Прилеп, со вкупен број од 2000 акции со право на глас го информира Управниот односно Надзорниот одбор на Друштвото, дека кај полномошник Сашко Самарџиоски постои конфликт на интерес за седницата на свиканото Собрание на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп кое ќе се одржи на 29.05.2018 година во 11:00 часот во просториите на друштвото.

Полномошникот Сашко Самарџиоски е вработен во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп на раководна позиција Генерален директор и е член на Управен одбор, па од овие причини акционерот Панде Самарџиоска обелоденува на акционерите за постоењето на ваквиот конфликт на интерес.

Согласно член 392-а, став 4, алинеја 2, полномошникот Сашко Самарџиоски во издаденото полномошно има добиено конкректни инструкции за гласање за секоја од предложените одлуки по точките од дневниот ред на седницата на собранието.